Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), а во врска со член 64 став 1 од истиот Закон, точка 5 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-4545/1 од 04.11.2024 година и Заклучокот бр.02-4999/4 од 05.12.2024 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 44-та седница одржана на 05.12.2024 година, го донесе следното

**Решение**
**за преземање мерка –јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво (ТРД) КТВ ДООЕЛ Кавадарци, заради извршена повреда на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), на начин што на телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот, на 3-ти октомври 2024 г., во неколку програмски содржини се емитувани делови од говорот на странски јазици (хрватски, или англиски, или српски), без притоа да бидат преведени на македонски јазик.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-4545/1 од 04.11.2024 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на ТРД КТВ ДООЕЛ Кавадарци во рок од 10 (десет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) врз основа на член 28 од ЗАВМУ е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата против издавач на медиум (радиодифузер) презема мерка - јавна опомена во случаите кога е извршена повреда или прекршување на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот Закон, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Согласно член 64 став 1 од ЗАВМУ, радиодифузерите се должни да ја емитуваат програмата на македонски јазик и кирилско писмо, а во случаите кога програмата е наменета за заедница која не е во мнозинство, на јазикот и писмото на таа заедница.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 4-ти ноември 2024 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на ТРД КТВ ДООЕЛ Кавадарци, емитуван на 3-ти октомври 2024 г., на регионално ниво, при што констатираше прекршување на членот 64 став 1 од ЗАВМУ.

Со надзорот е констатирано дека на телевизискиот програмски сервис на ТРД КТВ ДООЕЛ Кавадарци, на 3-ти октомври 2024 г., се емитувани три снимки од концерти, на хрватската пејачка Јелена Розга, на српскиот пејач Здравко Чолиќ и на американската група Металика, во коишто, помеѓу некои од песните, се емитувани обраќања на пејачите кон публиката, последователно, изворно на хрватски јазик, српски јазик и англиски јазик, без да биде обезбеден превод на македонски јазик. Дополнително, е емитуван цртан филм од серијалот „Том и Џери', којшто содржи говор на англиски јазик и не е преведен на македонски јазик, а во рамки на документарната емисија „Сведоци (Канада)", од која само еден мал дел е емитуван на 3 октомври, а поголемиот нејзин дел отпаѓа на 4 октомври, во анализираниот ден, се емитувани делови од изјави на соговорници изворно на англиски јазик, без да бидат преведени на македонски јазик.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-4545/1 од 04.11.2024 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до ТРД КТВ ДООЕЛ Кавадарци на 07.11.2024 година, испрати Допис арх. бр.10-4545/2 од 07.11.2024 г., со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-4545/1 од 04.11.2024 г., со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ. Дописот беше уредно примен на 13.11.2024 г., за што во предвидениот рок ТРД КТВ ДООЕЛ Кавадарци не се изјасни за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ. Советот на Агенцијата на 44-та седница одржана на 05.12.2024 година, го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на ТРД КТВ ДООЕЛ Кавадарци да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, во врска со член 64 став 1 од истиот Закон, точка 5 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) и Заклучокот бр.02-4999/4 од 05.12.2024 година, поради констатирано непочитување на одредбите од ЗАВМУ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на седницата одржана на 05.12.2024 г., донесе Решение со кое јавно се опоменува ТРД КТВ ДООЕЛ Кавадарци и му се наложува, во рок од 10 (десет) дена од денот на приемот на Решението, да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.10-4545/1 од 04.11.2024 година.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**

- ТРД КТВ ДООЕЛ Кавадарци;
- Управителот на ТРД КТВ ДООЕЛ Кавадарци;
- Одговорното лице на програмата во ТРД КТВ ДООЕЛ Кавадарци;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA E SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 04.11.2024 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 4545/1 | | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), се доставува:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен
2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво КТВ ДООЕЛ Кавадарци
3. **Период опфатен со надзорот:** 3 октомври 2024 година
4. **Датум на извршување на надзорот:** 4 ноември 2024 година
5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите);
- **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите што вршат дејност на регионално ниво се должни дневно да емитуваат најмалку 8 часа програма на телевизија);
- **Член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а јавниот радиодифузен сервис најмалку 40%. Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзани најмалку половина од обврските утврдени во ставот (1) на овој член да ги остварат во периодот од 7,00 до 19,00 часот.)

6. **Претходно изречена мерка: /**
7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво КТВ ДООЕЛ Кавадарци, емитуван на 3 октомври 2024 година, на регионално ниво, **<u>е констатирано прекршување на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги</u>** (радиодифузерите се должни да ја емитуваат програмата на македонски јазик и кирилско писмо, а во случаите кога програмата е наменета за заедница која не е во мнозинство, на јазикот и писмото на таа заедница).

Со надзорот е констатирано дека на 3 октомври 2024 година, на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво КТВ ДООЕЛ Кавадарци, се емитувани три снимки од концерти, на хрватската пејачка Јелена Розга, на српскиот пејач Здравко Чолиќ и на американската група Металика, во коишто, помеѓу некои од песните, се емитувани обраќања на пејачите кон публиката, последователно, изворно на хрватски јазик, српски јазик и англиски јазик, без да биде обезбеден превод на македонски јазик. Дополнително, е емитуван цртан филм од серијалот „Том и Џери', којшто содржи говор на англиски јазик и не е преведен на македонски јазик, а во рамки на документарната емисија „Сведоци (Канада)", од која само еден мал дел е емитуван на 3 октомври, а поголемиот нејзин дел отпаѓа на 4 октомври, во анализираниот ден, се емитувани делови од изјави на соговорници изворно на англиски јазик, без да бидат преведени на македонски јазик.

| Наслов | Период на емитување на емисијата | | Опис |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| Снимка од концерт на Јелена Розга во Кавадарци | 02:54:08 | 04:42:22 | Емитувана е снимка од концерт во Кавадарци на хрватската пејачка Јелена Розга, во којашто, главно помеѓу дел од песните, а повремено и во текот на некои од нив, се емитувани обраќања на пејачката кон публиката изворно на хрватски јазик, без превод на македонски јазик. |
| Снимка од концерт на Здравко Чолиќ во Кавадарци | 04:42:39 | 07:09:05 | Емитувана е снимка од концерт во Кавадарци на српскиот пејач Здравко Чолиќ, во којашто, помеѓу некои од песните, повремено, се емитувани кратки обраќања на пејачот кон публиката изворно на српски јазик, без превод на македонски јазик. |
| Снимка од концерт на групата Металика (на поделен екран) | 09:00:03 | 09:59:16 | На поделен екран, е емитувана снимка од концерт на групата Металика (во другиот дел од екранот се емитуваат промотивни најави, временска прогноза, вести на кајрон) во којашто, помеѓу некои од песните, се емитувани обраќања на пејачот кон публиката изворно на англиски јазик, без превод на македонски јазик. |
| Том и Џери – цртан филм | 17:13:23 | 17:21:11 | Емитуван е цртан филм од серијалот „Том и Џери", којшто содржи говор на англиски јазик, без да биде обезбеден превод на македонски јазик. |
| Сведоци (Канада) – документарна програма | 23:48:57 | 23:59:59 | На 3 октомври, кон крајот на денот, започнува документарната програма „Сведоци (Канада)", при што во делот од емисијата којшто припаѓа на анализираниот ден, се емитувани делови од изјави на соговорници изворно на англиски јазик, без превод на македонски јазик. Документарната емисија, којашто се емитува на премин од еден во друг ден, трае до 1 часот и 54 минути на 4 октомври, и во тој дел (што припаѓа на 4 октомври), се емитувани изјави или делови од изјави на соговорници на англиски јазик, без превод на македонски јазик. |

8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво КТВ ДООЕЛ Кавадарци, на 3 октомври 2024 година, во неколку програмски содржини се емитувани делови од говорот на странски јазици (хрватски, или англиски, или српски), без притоа да бидат преведени на македонски јазик.

**9. Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка - јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво КТВ ДООЕЛ Кавадарци и во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр. 01-4139/1 од 07.11.2022 година, да му наложи во рок од 10 (десет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***